# Organic Control System доо

**Упатство за Операторите**

**Упатство за користење на сертификацискиот знак OCS**

**Сертификациски знак OCS**

Сертификацискиот знак може да се употребува на <u>сертифицирани органски производи</u> како и кога Операторот се наоѓа во систем на контрола на органско производство најмалку година дена, односно кога влегол во втората година на периодот на конверзија. Со сертификацискиот знак може да се обележат и <u>органските производи од увоз за кои е издадена Потврда.</u>

Во двата горенаведени случаи на контрола и сертификација, те. потврдување на производите од увоз се врши Organic Control System. Сертификацискиот знак во горенаведените случаи Операторот има право да го користи и на својот рекламен материјал.

OCS на Операторот му го доставува сертификацискиот знак во електронска форма која е погодна за печатење.
Операторот пред печатењето на OCS му доставува идеен примерок од етикетата и материјалот за пакување кој го содржи сертификацискиот знак на OCS.
Етикетата и материјалот за пакување мора да бидат одобрени од страна на OCS за конечно печатење.

Сертификацискиот знак на OCS содржи текст со бела боја „BIO OCS“ на зелена основа со правоаголна форма, под која се наоѓа текстот „Organic Control System“ со зелена боја.

**Боите на ознаката на сертификацискиот знак се: зелена C97MOY100KO и C63MOY100KO на бела подлога.**

**Фонтови: <u>BIOCS</u> стилизиран UpTown и <u>Organic Control System</u> фонт Myriad bold.**

Сертификацискиот знак се користи исклучиво во колор верзија, а големината на знакот не е пропишана.

На етикетата секако мора да бидат наведени и ознаките за органско производство. Во посебните Упатства опишани се правилата за обележување во согласност со националните прописи на РС и Уредбите на ЕУ.

- *Упатство за обележување на органските производи во согласност со Законот за органско производство и*
- *Упатство за обележување на органските производи наменети за извоз*

Сертификацискиот знак не смее да се користи во ситуации кои можат да го нарушат угледот на OCS.